**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**
**Бр. 02-1127/2**

# З А П И С Н И К

**Од 54-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП Македонска радиотелевизија одржана на 21.02.2018 година**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** Доц.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија Заменик на претседател на Програмскиот совет на МРТ,м-р Јагнула Куновска, Анита Љатифи, Косана Николиќ Мазнева, Илир Рамадани, Златко Јанковски, м-р Ристе Панов, Ивана Трајковска, Селпин Ќерим ,Гајур Рамадани,Снежана Клинчарова |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** Агим Лека |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски Директор на МРТ, Заменик на директорот Арун Ибраими ,Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација |

Седницата започна во 14:20часот

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац, ја отвори седницата и Пред усвојување на дневниот ред,членот на Програмскиот совет на МРТ Ивана Трајковска , побара да се испочитува потребата од исполнување на законската обврска за пополнување на Анкетниот лист за имотната состојба на ново избраните Директорот на МРТ и Заменикот на директорот и согласно член 33 став 5 од Законот и да се достави до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски и Заменикот на директорот Арун Ибраими се согласија за укажувањето и ќе ја испочитуваат законската обврска.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред и продолжи со работа по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записниците од 52-ра и 53-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**2.**Разгледување на Програмите за работа на МРТ,поднесени од избраните кандидати за Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ, со предлог забелешки на Програмскиот совет на МРТ.

**3.**Разно.

### 1. Разгледување и усвојување на записниците од 52-ра и 53-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Записникот од 52-та седница едногласно е усвоен
Записникот од 53-та седница едногласно е усвоен со забелешката .

**2. Разгледување на Програмите за работа на МРТ,поднесени од избраните кандидати за Директор на МРТ и Заменик на директорот на МРТ, со предлог забелешки на Програмскиот совет на МРТ.**

Директорот на МРТ Марјан Цветковски пред се, се заблагодари за укажаната доверба на членовите на Програмскиот совет за  негов избор за директор на МРТ и ќе даде голем придонес за остварување на зацртаните цели искажани во доставената Предлог Програма за работа на Македонската радио телевизија за наредните три години, до завршување на мандатот.
Во делот на финансиското работење е предвидено да нема неплатен долг кон комитентите и со измените на Законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги јавниот сервис да се финансира од Буџетот на РМ и постепено да се зголемува секоја година и до 2021г. да достигне  1%. Со тоа би се обезбедиле поголеми финансиски средства и остварување на голем број на обврски од минати години. Исто така треба да се направи напор за наплата на побарувањата на МРТ од Управата за јавни приходи по основ на наплата на побарувања од Радиодифузна такса.
Во своето излагање директорот на МРТ истакна дека Македонската радио телевизија како членка на многу меѓународни асоцииации и здруженија(ЕБУ,ЦИРКОМ,ЕРНО и др)кои  нудат различен тип на обуки кои се наменети и специјализирани за обуки на вработени во радио и телевизиски куќи со цел подобрување на работните квалитети на вработените и новинарскиот кадар.Исто така се планира и донесување на нови Правилници со цел унапредување на целиот систем на работење на МРТ. Во делот на одделението за  меѓународна соработка се планира посебен проект со организирање и одржување Генерална Асамблеја на ЕБУ во Македонија .
Исто така фокус ќе се стави на отварањето на ТВ 24-часовен  канал на албански јазик, меѓуетничкиот канал и други два канала, опремување и осовремување на техниката на МРА и модернизација на програмските шеми  се со цел да се збогати програмата и да се подобри рејтингот на слушаност на МРА.Значајно е да се напомене како клучен момент во програмата е отварањето на дописни центри и ангажирање на дописници за Прва и Втора ТВ програма со отварање на мали студија кои ќе бидат линковски поврзани со клавниот мастер и главните режии.

Заменикот на директорот на МРТ Арун Ибраими се заблагодари на укажаната доверба при неговиот избор за заменик на директорот на МРТ и во своето излагање истакна дека ќе даде голем личен придонес за реализирање на целите поставени во својата програма.Македонската радио телевизија како јавен сервис треба да се доближи со својата програма до другите јавни сервиси во регионот и притоа да црпи искуства за подобра реализација на проектите. И покрај скромните финансиски средства , заедно со директорот ќе се залагаат да се подобри програмата и да се врати гледаноста на МРТ.Во најскоро време ќе се отвори 24часовен ТВ канал и очекува да се реализираат сите поставени проекти, да се најде начин емитувањето на дебатните емисии и информативните емисии да се емитуваат со превод.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац, истакна дека во јавноста имаше доста критики за направениот избор на Јавниот конкурс за директор и заменик на директорот на МРТ и единствен начин да се оправда изборот е збогатување на програмата со нови креативни проекти и целосна активност и работа на човчките ресурси.Од ЕУ има забелешки во однос на програмата и затоа нуди подршка на јавните сервиси од Западен Балкан со свои средства и затоа треба дасе направи анализа за начин на добивање грантови и добивање на средства.Притоа праша дали МРТ има направено план на краток или подолгорочен план за обезбедување на финансиски средства со копродукции и размена и продажба на истите. Исто така праша дали се размислува за делот на посебните програми да се постира и промовира програмата на страните на Facebook каде гледаноста е поголема.

Во таа насока, Ивана Трајковска предложи и понуду лична помош за едуцирање на новинарите за постирање и пласирање на новинарски текстови од сите емисии на социјалните мрежи.

Директорот Марјан Цветковски информира дека преку мисија на ЕУ, се преговара како МРТ како јавен сервис да најде начин и можност да аплицира за нови проекти и поради недостаток на квалификувани човечки ресурси , да се ангажираат  експерти кои ќе помогнат во реализација на новите проекти.Што се однесува за обезбедување на финансиски средства од копродукции и продажба на истите, оцени дека МРТ е со мала финансиска кондиција и доколку МРТ сака да реализира поголем и успешен проект,треба да се обезбедат поголеми финансиски средства а пред се да се обезбедат ресурси.

Членот на Програмски совет на МРТ Илир Рамадани, праша кога се планира отварањето на новиот канал ,кога се планира отварањето на дописништва во други градови и дали ќе се обезбеди опрема за работа на дописниците.

Директорот Марјан Цветковски искажа спремност за отварање на каналот на 16.април-ден кога за прв пат е слушнат албанскиот јазик на МТВ во етерот на државата .Што се однесува за обезбедување ресурси ,се очекува одговор на Барањето за ангажирање на нови вработувања од Министерството за информатичко општество и доколку нема одобрување , е договорено со странска фондација која ќе ги финансира новите вработувања.

Снежана Клинчарова ги поздрави Програмите на директорот и заменикот на директорот на МРТ и се надева дека ќе се придржуваат на ветувањата за враќање на престижот на Македонската радио телевизија, да се збогати програмата со нови проекти во сите сегменти особено во научната програма, документарната програма и информативните емисии и на тој начин да го привлече вниманието на гледачите и да се врати гледаноста на програмите на МРТ.Се забележува дека како сериозен проблем се јавува кадарот на новинари и предлага да се обезбедат квалитетни новинари , неполитизирани кои ќе прават програма достапна до сите гледачи.Клинчарова смета дека треба да се вратат обуките на новинарите кои во изминатиот период се спроведуваа и предложи доколку има потреба ќе даде и свој придонес во спровдувањето на обуките.
Заменик на претседателот Ведат Мемедалија се интересираше дали МРТ е спремна за профунционира каналот и дали наскоро ќе има објавување на конкурс за проекти од независни продуценти.
Директорот Марјан Цветковски напомена дека се е спремно за профунционирање на каналот и дека ќе има конкурс за нови проекти од независни продуценти.

Членот на Програмскиот совет Косана Николиќ Мазнева ,им честита на изборот на директорот и зам. на директорот и притоа упати лично прашање до заменикот на директорот Арун Ибраими.
-дали предложената Програма се однесува на Програма за Втор програмски сервис или Програма како заменик на директорот на МРТ и
-на програмата на МТВ2 пред 10 дена се емитуваше емисија за припадници на УЧК без превод или надсихронизација.

Заменик на директорот Арун Ибраими,информира дека доставената Програма е како заменик на директорот, но акцентот ќе биде на работата на Вториот програмски сервис , а што се однесува за второто прашање, не е запознат со емитуваната емисија бидејќи одговорноста е на одговорните уредници и лично ќе се обиде да обезбеди превод и да даде информација.

Членот на Програмскиот совет Гајур Рамадани смета дека МРТ и Програмскиот совет на МРТ треба да имаат една заедничка цел и да се размисли како да се подигне свеста кај новинарите и на кој начин да креираат нови програмски содржини се со цел да се понуди добра програма која ќе го задржи вниманието на гледачите.Програмата треба да биде разновидна и за период за цела година.Доколку има потреба , да се овозможи размена на искуства со другите јавни сервиси во регионот.
Претседателот на Програмски совет, предложи да се направи стратегија според забелешките, насоките и помошта на ЕУ за детализирање на начинот и можноста да се спроведе програмата со активна ангажираност на Програмскиот совет во насока на подобрување на програмата на МРТ.

На крајот од седницата беше предложено да се прецизира тајмингот за одржување седници ,а тоа е вторник во 13часот.
Предлогот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 16:00часот

Програмски совет на ЈРП МРТ

Записничар:

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац

Менка Раичка Цветковска

претседател